Република Македонија
ОСНОВЕН СУД СТРУГА
Су.бр. 59/17-5
30.10.2018 година
Струга

Врз основа на член 88 став 3 од Законот за судовите (Службен весник на Република Македонија бр.58/06, 62/06, 35/08 и 150/10) во врска со член 113 став 4 од Судскиот деловник (Службен весник на Република Македонија бр.66/13 и 114/14), Претседателот на Основниот суд во Струга, Ифет Бајрамоски, на 30.10.2018 година го утврди следниот:

# Р А С П О Р Е Д

## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА РАСПОРЕДОТ ЗА РАБОТИТЕ ВО ОСНОВНИОТ СУД ВО СТРУГА ЗА 2018 ГОДИНА

СЕ ИЗМЕНУВА и дополнува Распоредот за работите во Основниот суд во Струга за 2018 година Су.бр. 59/17 од 27.12.2017 и Распоредот за изменување и дополнување на Распоредот за работите во Основниот суд во Струга за 2018 година Су.бр. 59/17-1 од 03.01.2018 година, на начин што:

-предметите од вонпарничниот оддел, со ознака „ВПП", основ: тестамент и обид за спогодба, РВПП, ЗАВ и ЗАВ1, по кои до сега постапуваше Претседателот на судот Ифет Бајрамоски, во иднина по истите ќе постапува судијата Лазо Ѓоргоноски, а во случај на негово отсуство по предметите ќе постапува судијата Танче Петрески.,

-предметите заведени по изјавен приговор за незаконитости при извршувањето, односно обезбедување и спроведување на побарувања, со ознака ППНИ, ИПК, ИДС и ПИ, во врска со примената на Законот за извршување, по кои до сега постапуваше Претседателот на судот Ифет Бајрамоски, по истите во иднина ќе постапува судијата Соња Ѓонческа. Во случај на спреченост на судијата Соња Ѓонческа, по предметите ќе постапува судијата Измир Ајази.,

-предметите за извршување на санкции, водење судски надзор во извршувањето на санкциите, во однос на постапувањето со осудените лица и во остварувањето на нивните права и обврски со ознака КУИКП, КУИКМ, ИКП, ИПРК, ПК, ИСАМ, ИОИП, по кои до сега постапуваше Претседателот на судот Ифет Бајрамоски, по истите во иднина ќе постапува судијата Ади Усеини.

Овој распоред ќе се применува од 01.11.2018 година и ќе биде објавен на веб страната на Основен суд Струга.

Претседател на судот
Ифет Бајрамоски,с.р.